ЈУМ Центар за социјална работа
Свети Николе
Бр.04-940/7
дата: 07.11.2018 година

Врз основа на чл.105 став 6 и чл.110-е став 13 од Законот за социјалната заштита (сл. весник на РМбр. 79/2009,36/11,51/11,166/12,15/13,79/13,164/13,187/13,38/14,44/14,116/14,180/14,33/15,72/15,104/15,150/15 ,173/15,192/15,30/16 и 163/17 ,чл. 22 од Статутот на Установата, како и Записникот на Комисијата за селекција на кандидат бр.04-940/5 од 01.11.2018г Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа , во врска со објавениот Јавен оглас бр. 04-940/1 од 19.10.2018 година донесе:

## О Д Л У К А

**За избор на кандидат за вработување**

1. За извршител на работно место –дипл.соц.работник во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за услуги од социјална заштита оддел Дневен центар за стари и возрасни лица по спроведната постапка по Јавниот оглас бр. 04-940/1 од 19.10.2018 год. се избира кандидатот Жанета Стојковска
2. За извршител на работно место –психолог во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за услуги од социјална заштита по спроведната постапка по Јавниот оглас бр. 04-940/1 од 19.10.2018 год. се избира кандидатот Александра Гигова
3. Именуваните ќе бидат вработени на пробна работа на работно место од претходната точка, по конеченоста на оваа Одлука
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.
5. Одлуката да се објави на огласна табла или на веб страницата на установата .

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По објавениот јавен 04 940/1 од 19.10.2018 година во дневните весници Слободен Печат и Коха за вработување на двајца извршители даватели на услуга на на работно место дипл.социјален работник и психолог во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе , а врз основа на претходно добиена согласност од Министерството за финасии за обезбедени финасиски средства за вработување на работници, бр18 9574/2 од 06.09.2018 година, спроведена с постапка за вработување согласно Законот за социјалната заштита.

Директорот на Установата формира Комисија за селекција на кандидат со Решение бр. 04-940/4 од 26.10.2018 од редот на давателите на услуги.Од страна на Комисијата за селекција на кандидат беа разгледани поднесените пријави и документи од потенцијалните кандидати и оценета е веродостојноста на истите при што е констатирано дека за двете работни места има по еден кандидат кои во целост ги исполнува општите и посебните условие и ги имаат поднесено сите потребни документи.

Врз основа на чл. 110-е став 13 од Законот за социјалната заштита, како и записникот од Комисијата за селекцијата бр. 04-940/5 од 01.11.2018 година и Извештајот бр.04-940/6 од 02.11.2018 година Директорот на ЈУМ центар за социјална работа Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** :Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до :**
**-архива**

**ЈУМ Центар за социјална работа**
**Свети Николе**
**Д и р е к т о р**
**Мелита Стојкова**